**Здружението Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ** во рамки на проектот **„Чист град за чиста иднина"** во соработка со Здружението за обезбедување социјални услуги СОЦИО, во рамки на програмата за подгрантирање на проектот „Младински активизам за позелени општини", имплементиран од Македонското здружение на млади правници, Здружението за одржлив развој и заштита на животна средина Гоу Грин Скопје, Центарот за климатски промени и Здружението на млади Креатив, финансиски поддржан од Европската унија на ден 21.02.2024 година објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ
## ЗА НАБАВКА И МОНТАЖА НА КОРПИ ЗА ОТПУШОЦИ

### 1. Опис и цели на проектот

Општа цел на проектот е подигнување на свеста на младите и пошироката популација за третирање на отпадот и за заштита на животната средина во општина Гостивар. Проектот ги има следните краткорочни цели: 1) Зајакнување на капацитетите за застапување на членовите на Локалниот младински совет, младинските организации и активисти со цел зголемување на притисокот врз општина Гостивар за решавање на проблеми во областа на животната средина 2) Истражување на навиките и однесувањата на младите и граѓаните кон животната средина и 3) Да се намали отпадот од цигари во Општина Гостивар.

### 2. Предмет на јавна набавка

Предмет на јавна набавка се изработка и монтажа на 6 ( шест) корпи за отпушоци. Секоја од корпите за отпушоци е потребно да ги имаат следните спецификации:

- Димензии на корпите за отпадоци: ширина од 350мм, длабочина од 90мм како и висина од 595мм.
- Секоја од корпите треба да биде поделена на два посебни дела за одлагање на отпушоците.
- На предната страна на корпите е потребно да се остави место за поставување на одредено прашање со што граѓаните би можеле да го изразат својот став по однос на поставеното прашање со одлагање на својот отпушок во еден од деловите на корпите за отпадоци. Системот за гласање поттикнува користење на корпите на отпадоци.
- Просторот за одлагање на отпушоците потребно е да биде изработен од црн алуминиумски никулец кој ќе ги минимизира дамките од тутун.
- Секоја од корпите потребно е да биде обезбедена со две високо квалитетни брави од страната кои ќе се користат за празнење и чистење .

- Секоја од корпите потребно е да може да се монтира на столбови со прицврствување  или да може да се постави директно на ѕид.
- Металот е потребно да биде отпорен на ‘рѓосување и надворешни влијанија.
- Сите шевови и остри рабови да се заварени и заоблени.
- Стаклото е врзано за да биде тешко да се скрши.

**3. Временска рамка за изработка и монтажа на корпите за отпадоци**

Изработката и монтажата на корпите за отпадоци е потребно да биде завршена заклучно со 10 мај, 2024 година.

**4. Критериум за избор на најповолна понуда**

Критериум за избор на најповолна понуда е најниска понудена цена.

По реализација на набавката и монтажата на 6 (шест) корпи за отпушоци, набавувачот на добавувачот ќе му ги достави Потврдата за регистрација на проектот, како и Решението за регистрација на даночен обврзник. Понудувачот е должен на добавувачот да му достави фактура генерирана во системот на УЈП.

**5. Начин на доставување понуди**

Понудата треба да се достави со цена без вклучен данок на додадена вредност (ДДВ).

Понудата да се достави во следниот формат:

| **Назив на понудувачот** | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на производ/услуга** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ** | **Вкупна цена без ДДВ** |
| Изработка и монтажа на корпа за отпушоци согласно техничката спецификација* | 6 | | |

* Забелешка: Спецификацијата е дадена во прилог на јавниот повик.

***Заедно со доставената понуда, задолжително се доставува:***

1) Фотографија од претходно изработени слични продукти согласно спецификацијата;

2) Финансиската понуда (Прилог 1);

3) Изјава за непостоење на услови за исклучување на добавувач (Прилог 2).

Понудата со придружните документи потребно е да се достави заклучно **до 29.02.2024 до 16:00 часот** на следната е-маил адреса: community.mediadev@gmail.com  или по пошта на: Здружение за развој на медиумите на заедниците: Бул. Браќа Ѓиноски 61, 1230 Гостивар.

Постапката за избор на најповолен понудувач ќе биде спроведена од страна на членови на комисија за јавна набавка.

Некомплетните понуди, како и понудите доставени по истек на рокот нема да бидат земени предвид.

Контакт лице во врска со објавениот јавен повик е: Кристијан Наумовски, проектен координатор, е-пошта: naumovski.kristijan@hotmail.com , контакт телефонски број: 075 246 757.